ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0203-131/02
19.03 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Надзорниот одбор на ИОРРМ, на седницата одржана на 19.03.2021 година усвои:

# Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРМ за 2020 година

Во 2020 година, Надзорниот одбор ги одржа 32-та, 33-та и 34-та седница.

Надзорниот одбор согласно своите надлежности за вршење надзор на законитоста на материјално финансиското работење и правилноста на работата на ИОРРМ ги разгледа следните документи:

- Годишната сметка на ИОРРМ, Даночниот биланс, Бруто билансот за 2019 година и одредени акти и документи за кои се ценеше дека се значајни за давање оценка за работењето на ИОРРМ, и
- Нацрт ревизорски извештај и финансиски извештаи за 2019 година.

По разгледување на горенаведените акти, го прифати извештајот на независниот ревизор од извршената ревизија на финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2019 година на ИОРРМ и го прифати мислењето на Друштво за ревизија 'Ековис Аудит Македонија' ДОО Скопје.

Надзорниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2019 година и Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2020 година, дискутираше за сите отворени прашања со стручната служба и го зазеде следниот став:

- Извештајот дава информации за активностите на ИОРРМ во текот на извештајната година и содржи финансиски информации за приходи и расходи по активности предвидени со годишниот план донесен од страна на Собранието на ИОРРМ, споредбена финансиска анализа на планирани и реализирани активности и споредбена анализа на реализирани приходи и расходи за претходна и тековна година.

**Надзорен одбор на ИОРРМ:**

**Кристина Тилиќ**

______________________________

**Марјан Андонов**

______________________________

**Јорданчо Којзаклиев**

______________________________

**Верица Хаџи Василева – Марковска**

______________________________

**Симе Јовановски**

______________________________